**20151925320**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за Царинската тарифа,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 2 ноември 2015 година.

Бр.08-5135/1
2 ноември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

Член 1

Во Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ број 23/2003, 69/2004, 10/2008, 160/2008, 35/10, 11/12, 93/13, 44/15 и 81/15), во Царинската тарифа која е составен дел на овој закон во ОДДЕЛ VII Глава 40 тарифен број 4009, во тарифниот став со тарифна ознака „4009 42 00 00 --Со прибор“, во колоната за царински давачки бројот „15“ се заменува со бројот „8“.

Во тарифен број 4016, во тарифниот став со тарифна ознака „4016 93 00 00 --Производи за затинање“, во колоната за царински давачки бројот „5“ се заменува со бројот „2,5“.

Во тарифен подброј 4016 99 во тарифниот став со тарифна ознака „4016 99 57 00 ----Друго“, во колоната за царински давачки бројот „5“ се заменува со бројот „2,5“.

Во ОДДЕЛ VIII Глава 41 тарифен број 4107, тарифен подброј 4107 12 во тарифниот став со тарифна ознака „4107 12 91 00 ----Говедска кожа (вклучувајќи биволи)“, во колоната за царински давачки бројот „13“ се заменува со кратенката „сл“.

Во тарифен подброј 4107 99 во тарифниот став со тарифна ознака „4107 99 10 00 ---Говедска кожа (вклучувајќи биволи)“, во колоната за царински давачки бројот „13“ се заменува со бројот „2“.

Во ОДДЕЛ XVI Глава 85 тарифен број 8536, тарифен подброј 8536 41 во тарифниот став со тарифна ознака „8536 41 90 00 ---За јачина на струја што надминува 2 А“, во колоната за царински давачки бројот „15“ се заменува со бројот „1“.

Во тарифен подброј 8536 69 во тарифниот став со тарифна ознака „8536 69 90 00 ---Друго“, во колоната за царински давачки бројот „5“ се заменува со бројот „1“.

Во тарифен број 8537, тарифен подброј 8537 10 во тарифниот став со тарифна ознака „8537 10 99 00 --- Друго“, во колоната за царински давачки бројот „15“ се заменува со бројот „2,1“.

Во тарифен број 8544 во тарифниот став со тарифна ознака „8544 30 00 00 -Сетови на спроводници за палење и други сетови на спроводници за возила, воздухоплови или бродови“, во колоната за царински давачки бројот „10“ се заменува со бројот „3,7“.

Во тарифен подброј 8544 49 во тарифниот став со тарифна ознака „8544 49 93 00 -----За напон што не надминува 80 V“, во колоната за царински давачки бројот „15“ се заменува со бројот „3,7“.

Во тарифен број 8547 во тарифниот став со тарифна ознака „8547 90 00 00 -Друго“, во колоната за царински давачки бројот „10“ се заменува со бројот „1“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.